# ГЕОМЕТРИСКИ ТРАНСФОРМАЦИИ НА ГЕОМЕТРИСКИ ФИГУРИ ПРЕКУ РАБОТНИ ЛИСТОВИ И ВИДЕО ЛЕКЦИИ

*Адријана Тодорова* [1]

[1] *ООУ „Петар Мусев“, Богданци*

e-mail: todorovaadrijana@hotmail.com

Во трудот е презентиран начин на реализација на дел од темата *Геометрија и решавање проблеми* во шесто одделение. Според дел од целите на наставата по математика за шесто одделение за оваа тема, учениците треба да внесуваат точки во сите квадранти во координатна рамнина и да прават геометриски трансформации на многуаголник.

За полесно совладување на овие тема, приготвени се работни листови изработени во GeoGebra и видеа со инструкции за нивно решавање. Преку работните листови учениците ги увежбуваат своите знења, додека преку видеата ги проверуваат и ги надополнуваат стекнатите знаења. Во работните листови се поставени задачи согласно целите на наставата подредени по тежински нивоа, додека во видеата се дадени нивните решенија како и објаснувањето на математичките поими и постапки кои се потребни за решавање.

Совладувањето на наставниот материјал на овој начин овозможува учениците со сопствено темпо да напредуваат и да се навраќаат на наставните содржини.